# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **05. 08 .2014 година**
**Општина Македонски Брод** **Маке донски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 7 – 2014 год.**

Август 2014

Врз основа на член 36 став 1 т.10 и член 66 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ Бр.05/02) и член 21 став 1 и член 79 од Статутот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година донесе

# О Д Л У К А

**За оттуѓување на недвижен имот за КО Самоков сопственост на општина Македонски Брод**

1.Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година донесе одлука за оттуѓување на недвижен имот пренесен со Решение за пренесување на право на сопственост бр. 23-257/76 од 08.02.2000година од страна на Владата на Република Македонија и тоа : ПЛ.72 к.п бр.37/6/1 објект –стара училишна зграда со површина од 92м$^2$ и двор со површина 44 м$^2$ неактивно училиште , 2 објекта од стара амбуланта неактивни и објект –зграда на локална самоуправа , без просториите на месната канцеларија, за кои предходно ќе се изработи елаборат.

2.Пред да се спроведе постапка за оттуѓување на недвижниот имот предходно да се спроведе постапка за запишување на предметниот недвижен имот во јавната книга за запишување на недвижностите.

3.Продажната цена не смее да биде помала од пазарната вредност која ќе биде утврдена од страна на овластен проценител.

4.Оттуѓувањето ќе се спроведе согласно законските прописи..

5.Средствата што ќе се добијат од продажбата на објектот – имотот треба да се инвестираат во стекнување на нов имот на општината или за реконструкција на постојниот имот.

6.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр 07 – 562 / 3**
**30.07.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за оттуѓување на недвижен имот за КО Самоков сопственост на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за оттуѓување на недвижен имот за КО Самоков сопственост на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот на локална самоуправа (Сл.Весник на РМ БР.5/02), и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на општина Македонски Брод (Службен Гласник бр.02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јули 2014 година донесе

# О Д Л У К А

**За организацијата , делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод**

## I. Основни одредби

**Член *1***

Со оваа одлука се утврдува внатрешната организација , делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод , видовите на организационите облици , условите за нивното образување и ракување со нив.

**Член *2***

Внатрешната организација на општинската администрација на општината се утврдува во зависност од надлежностите на општината утврдени со закон , групирање на работите и работните задачи според видот , обемот и сложеноста , нивната меѓусебна сродност и поврзаност , како и другите услови потребни за утврдување на внатрешнета организација.

## II. Видови организациони единици на општинската администрација

**Член *3***

Општинската администрација на општина Мак. Брод се организира во сектори , одделенија и територијална противпожарна единица.

**Член *4***

Секторот се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината , како и заради координирање и контрола на работите од

надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

**Член *5***

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи : нормативно-правни , управување на човечки ресурси , стручно аналитички , управни , управно надзорни , информативно - документациони , информативно комуникациски , стручно - оперативни , материјално - финансиски , инвестициони , информатичко - технолошки , стручно - административни , како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

**Член *6***

Општинската администрација на општината Македонски Брод се организира во следните сектори, одделенија и ТППЕ:

1.Сектор за правни,  и општи работи , во чиј состав се одделенијата за правни , општи работи и јавни дејности, и одделение за администрирање на локални приходи.

2 . Сектор за комунални дејности и локален економски развој,во чиј состав се одделението за комунални дејности и оделението за локален економски развој.

3.Сектор за урбанизам и заштита на животната средина во чиј состав се одделението за урбанизам и одделението за заштита на животната средина.

4.Одделение за финансиски прашања

5 . Одделение за внатрешна ревизија

6 . Одделение за инспекциски надзор

7.Одделение за управување со човечки ресурси

8.. Територијална противпожарна единица на општината.

## III.Делокруг и начин на извршување на задачите

**Член *7***

**Секторот за правни ,општи работи и јавни дејности ги врши следните работи*:***

- Подготвува акти за советот и градоначалникот
- Ги подготвува седниците на советот и седниците на комисиите
- Врши стручни работи за советот и градоначалникот
- Ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување односно предавање на државниот архив на РМ
- Врши работи од областа на јавните дејности
- Врши информатичко - технички работи и
- Врши и други работи доверени од советот и градоначалникот.

**Член *8***

**Одделението за правни, општи работи и јавни дејности ги врши работите што се однесуваат на *:***

- Изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност од советот и градоначалникот , дава мислење на актите од аспект на нивната законитост , ги следи прописите и нивните измени и дополнувања , врши стручни и организациони работи на советот и градоначалникот , ракува со документи на општината, врши работи од областа на јавните дејности , врши информатичко- технички работи, и други работи што ќе му бидат доверени од советот и градоначалникот на општината.

**Член *9***

Одделението за администрирање на приходи врши утврдување и наплата на даноците , таксите и надоместоците што се приходи на општината , врши и други работи врз основа на Закон и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи на општината.

**Член*10***

**Секторот за комунални дејности и локален економски развој ги врши следните работи**

- Ги спроведува прописите од областа на угостителството , туризмот , занаетчиство и мало стопанство и се грижи за организирање на амбиентот за развој на стопанството и превзема мерки за привлекување на инвестиции од домашни и странски инвеститори.

**Член *11***

**Одделението за комунални дејности ги врши работите што се однесуваат на *:***

-Следење на состојбите и организирање на изградба , реконструкција и одржување на јавното зеленило , дрворедите , фонтаните и другата комунална опрема оставена на улиците и другите јавни површини , се грижи за јавното осветлување на подрачјето на општината. врши комунален надзор. ,

**Член *12***

-Одделението за локален економски развој ги спроведува прописите и од областа на угостителството туризмот , занаетчиство и мало стопанство врши и други работи што ќе му бидат доверени .

## Член *13*

**Секторот за урбанизам и заштита на животната средина, ги врши следните работи**

-Урбанистичко (урбано- рурално) планирање , издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење , утврдени со закон , уредување на просторот и уредување на градежното земјиште
-Заштита на животната средина и природата , мерки за заштита и спречување од загадување на водата , воздухот , земјиштето , цивилна и друг вид на заштита

**Член*14***

**Одделението за урбанизам ги врши работите што се однесуваат на *:***

- Просторно и урбанистичко планирање во општината и покренување на иницијативи и предлози за донесување или изменување на ДУП.,издавање на одобренија за градби,уредување на градежно земјиште и други работи.

**Член *15***

- Одделението за заштита на животната средина ги врши работите поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина и природата , врши и други работи што ќе му бидат доделени.

**Член *16***

Одделението за финансиски прашања е надлежно за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола, подготвување на буџетот и завршната сметка како и други акти од областа на финансирање , води евиденција за имотот на општината , поднесува извештаи за состојбите на сметките на општината , работи на материјално-финансиските работи , особено на контрола на буџетот(подготовката и извршувањето),сметководството и буџетското и финансиско известување,контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување,го координира процесот за подготвување и известување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот,спроведува заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба и врши и други работи предвидени во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Член *17***

Одделението за внатрешна ревизија врши внатрешна ревизија согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставено од општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии

-поготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето од Градоначалникот,го обезбедува неговото спроведување и следење

-доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и советот на општината ;

-подготвува кварталнии годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;

-врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот за намалување на факторите на ризик;

-Врз основа на анализи од работењети ,ја утврдува и оценува економичноста ,ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;

-Ја следи и приверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;

-Ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со Законите подзаконските и актите на органите на општината.

**Член *18***

Одделението за инспекциски надзор врши инспекциски надзор над вршењето на работите од надлежност на општината , врз основа и во согласност со закон и ја координира својата работа со другите сектори и одделенија во рамкита на општинската администрација .

Врши инспекциски надзор во областа на комуналните работи , во утврдување и наплата на даноците на имот , наплата на комуналните такси и наплата на таксата за привремен престој ,заштита на животната средина и природата,угостителската дејност,

туристичката дејност,основното и средно образование, спорт и спортски објекти сопственост на општаната и друг надзор од надлежност на општината.

**Член *19***

Одделението за управување со човечки ресурси спроведува надлежности во следните функционални области:развој на органот,информативен систем за човечки ресурси,односи меѓу вработените,обука и развој,мотивација,организациски развој и вработување.

**Член *20***

Територијалната противпожарна единица на општината ги врши следните работи:
-гаснење на пожари на подрачјето на општината
-одстранување на непосредната опасност за настанување на пожари
-спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозерни од пожари и експлозии;
-укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
-извршување на други работи при несреќи и непогоди;
-врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа кои не го оневозмижуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;

-заедно со територијалните противпожарни единици на општините во република Македонија утврдени со Закон,дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснењето на големи пожари на целата територија на РМ;

-водење посебна евиденција за настанатите пожари ,експлозии,интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на дирекцијата за заштита и спасување и општина Македонски Брод;

-периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага територијалната противпожарна единица;

-тековна поправка и оджување на механиката ;

-давање противпожарно обезбедување на објекти ,делегации,јавни собири,спортски и други манифестации во координација со Минисерството за внатрешни работи;

-врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;

-едукација на грѓаните за заштита од пожари,преку организација на предавања ,преку медиуми и организирање на дуги активности;

-врши и други работи кои ќе и бидат доверени.

**Член *21***

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа во согласност со Законот.

**Член *22***

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ-органограм на организациската структура по организациски единици на администрацијата на општина Македонски Брод.

## IV. Раководење со организациони единици

**Член *23***

Со секторот раководи Раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на Раководителот на сектор,со секторот раководи помошник на Раководителот на сектор .

Со одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на одсуство или спреченост на раководителот на одделение , со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој ке го определи раководителот на секторот.

**Член *24***

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

**Член *25***

Вкупниот број вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на општината со правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација.

## V. Преодни и завршни одредби

**Член *26***

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод број 08-40/5 од 17.03.2004, 07-767/8 од 04.10.2007, 07-901/8 од 22.09.2008 година.

**Член *27***

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општината, а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за администрација на Република Македонија.

**Бр. *07- 562/4*** **Совет на општина Мак.Брод**

***30.07. 2014*год** **претседател**

**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за организацијата , делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската организација на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за организацијата , делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската организација на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јули 2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за 2014 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 07- 562/5** — **Совет на општина Македонски Брод**

**30.07.2014 година** — **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** — **Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) , член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год.) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, донесе

# **О Д Л У К А**
**за усогласување, примена и спроведување на дел од Деталниот урбанистички план за нас. место „Долна Белица“ -општина Македонски Брод**

**Член 1**

Се донесува Одлука за усогласување, примена и спроведување на дел од Деталниот урбанистички план за нас.место „Долна Белица“-општина Македонски Брод согласно приложениот графички прилог одобрен од страна на изготвувачот на планот ДООЕЛ„Перкан-Проект“ од Прилеп.

**Член 2**

Со примена на Одредбите за спроведување на ДУП за нас.место Долна Белица , поради неточноста на геодетските подлоги,конфигурација на теренот, при геодетското исколчување на градежните парцели се дозволуваат отстапувања не нарушувајќи ја концепцијата, намената и содржината на планот.

**Член 3**

Согласно графичкиот прилог и по стапувањето во сила на оваа Одлука се задолжува ДООЕЛ„Геодет Коруноски“од Кичево да изработи Геодетски елаборати за геодетски работи за посебни намени - нумерички податоци поединечно за секоја градежна парцела и истите да се достават до Агенцијата за катастар на недвижности со цел нивно спроведување.

**Член 4**

Графичките прилози кои се предмет на усвојување се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр.07 - 562 /6**
**30.07.2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**


Постојна состојба
ДУП Д.Белица - парцелација


коловоз
10 KW
далекувод
во точка „А“
поместување NI=1.7
m, и ротација 3
степени
A
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 27 28 29 30 31 32 33 34 35 36 37 41 42 43 44 45 46 47 48 49 50 51 52 53 54 55 56 57 58 59 60

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на О Д Л У К А за усогласување, примена и спроведување на дел од Деталниот урбанистички план за нас. место „Долна Белица“- општина Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А за усогласување, примена и спроведување на дел од Деталниот урбанистички план за нас. место „Долна Белица“- општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 98-а став 1,алинеја 2 од Законот за заштита на децата-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.170/2010), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јули 2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУДГ„ 7-ми СЕПТЕМВРИ „-МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2013/2014 ГОДИНА**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Годишната програма за работа на ОЈУ-детска градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2013/2014 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 562/7 Совет на општина Македонски Брод

30.07.2014 година Претседател,

Македонски Брод Дарко Трајкоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јули 2014година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за период јануари – јуни 2014 година

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои извештајот за работа на Општинска установа Дом на култура Македонски Брод за периодот јануари-јуни 2014 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 562/8
30.07.2014 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на РМ 05/2002) и член 21 став1 точка 43 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.03/2002 год). а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/10) , Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, дава

# И З Ј А В А

**дека Општина Македонски Брод ги исполнува следните услови**

Општината Македонски Брод има формирано Јавно претпријатие„Водовод и канализација" - Македонски Брод, кое има склучено соодветен договор со општината за определената намена за реализација на „Проектот за водоснабдување и одведување на отпадни води" во општина Македонски Брод.

ЈП„Водовод и канализација"-Македонски Брод ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води во општината Македонски Брод, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

ЈП„Водовод и канализација" - Македонски Брод со утврдената тарифа во Договорот овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на проектот за водоснабдување и одведување на отпадни води во општината Македонски Брод.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со Одлуки од Советот на општината Македонски Брод, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во Општината Македонски Брод од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Бр.07- 562 / 9**
**30.07.2014 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Изјава дека општината Македонски Брод ги исполнува условите за реализација на „Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води „ во општина Македонски Брод**

Се прогласува **Изјавата дека општината Македонски Брод ги исполнува условите за реализација на „Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води „ во општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член  36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот „Света Богородица“, Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод го утврдува како приоритетен за реализација проектот „Изработка на проектна документација и изградба на водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот „Света Богородица“.

**Член 2**

Оваа Одлука ќе послужи за аплицирање на Општина Македонски Брод, во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, до Европската инвестициона банка согласно договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Европската инвестициона банка, а кој ќе се имплементира преку Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 562 /10**
**30.07.2014 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на О Д Л У К А За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот „Света Богородица“, Општина Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот „Света Богородица“, Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селото Црешнево“ Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод го утврдува како приоритетен за реализација проектот „Изработка на проектна документација и изградба на водоснабдителен систем за селото Црешнево“.

**Член 2**

Оваа Одлука ќе послужи за аплицирање на Општина Македонски Брод, во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, до Европската инвестициона банка согласно договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Европската инвестициона банка, а кој ќе се имплементира преку Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 562 / 11**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на О Д Л У К А За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селото Црешнево“ Општина Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селото Црешнево“ Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на изворите од место викано Песјак“ Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод го утврдува како приоритетен за реализација проектот „Изработка на проектна документација и изградба на водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на изворите од место викано Песјак “.

**Член 2**

Оваа Одлука ќе послужи за аплицирање на Општина Македонски Брод, во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, до Европската инвестициона банка согласно договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Европската инвестициона банка, а кој ќе се имплементира преку Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 562/12**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на изворите од место викано Песјак“ Општина Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на изворите од место викано Песјак“ Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и подобрување на водоснабдувањето на село Крапа “ Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод го утврдува како приоритетен за реализација проектот „Изработка на проектна документација и подобрување на водоснабдувањето на село Крапа “.

**Член 2**

Оваа Одлука ќе послужи за аплицирање на Општина Македонски Брод, во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, до Европската инвестициона банка согласно договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Европската инвестициона банка, а кој ќе се имплементира преку Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 562 / 13**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на О Д Л У К А за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и подобрување на водоснабдувањето на село Крапа “ Општина Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и подобрување на водоснабдувањето на село Крапа “ Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.03/2002), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и проширување (доградба) на водоводот за село Белица и новата туристичка населба “ Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод го утврдува како приоритетен за реализација проектот „Изработка на проектна документација и доградба на водоводот за село Белица “.

**Член 2**

Оваа Одлука ќе послужи за аплицирање на Општина Македонски Брод, во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, до Европската инвестициона банка согласно договорот за заем СЕПАРИС склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Европската инвестициона банка, а кој ќе се имплементира преку Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.07 – 562 / 14**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на О Д Л У К А за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и проширување (доградба) на водоводот за село Белица и новата туристичка населба “ Општина Македонски Брод**

Се прогласува **О Д Л У К А за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и проширување (доградба) на водоводот за село Белица и новата туристичка населба “ Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јули 2014 година, донесе

# О Д Л У К А

## За превземање на движни ствари на трајно користење

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Македонски Брод од страна на Дирекцијата за заштита и спасување , ПОЗС – Македонски Брод ги превзема на трајно користење за потребите на одделението за ТППЕ-Македонски Брод движните ствари и тоа :

**1.Против пожарно возило ФАП 1314---------------------------- 1**

**2.Пумпа за вода---------------------------------------------------------1**

**3.Приколка S -250-----------------------------------------------------1**

**4.Изолационен апарат(комплет)------------------------------------1**

**5.противпожарни скали (јаже)--------------------------------------1**

**6.Затворена спусница------------------------------------------------1**

**7.Приземјувалка за за спасување----------------------------------1**

**8.Противпожарни апарати/**

**- S-50-----------------------------------------------------------1**

**-S-9------------------------------------------------------------1**

**-S-6------------------------------------------------------------3**

**CO25----------------------------------------------------------2**

**9.Механизам за врзување на хидратни црева------------------1**

**10.Распрскувач за вода------------------------------------------------1**

**11.Усисно црево Ф-110-----------------------------------------------9**

**12.Усисно црево Ф-75-------------------------------------------------1**

**13.Ситка за усисно црево Ф110-------------------------------------2**

**14.Редуцир спојки ф75/52--------------------------------------------2**

**15.Универзална млазница Ф-52------------------------------------1**

**16.Хидрантски продолжеток/дводелен---------------------------1**

**17.Хидрантски клуч --------------------------------------------------1**

**18.ППклучеви---------------------------------------------------------2**

Завршно со реден број 18(осумнаесет)

**Член 2**

Движните ствари, утврдени во член 1 од оваа Одлука се превземаат на трајно користење без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 562 / 15**
**30.07.2014 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за превземање на движни ствари на трајно користење на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за превземање на движни ствари на трајно користење на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година.

**Бр.08- 562/21**
**05 .08.2014година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 501/1 од Д.Ботушје -Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за санација на локалниот пат од селата Горно и Долно Ботушје , санацијата односно пополнување на дупки и прочистување на патот од израстоци од дрва покрај патот ќе се изврши од страна на одржувачите на локални патишта при општина Македонски Брод.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 562 / 16**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 267/2 од лицето Србиноска Јагода од село Сланско-Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за одбивање на барањето поднесено од Србиноска Јагода од село Сланско - Општина Македонски Брод , лицето да се обрати до Центарот за социјални работи како надлежна институција за постапување по барања од социјален карактер.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 562 / 18** **Совет на општина Македонски Брод**
**30.07.2014година** **П р е т с е д а т е л,**
**Македонски Брод** **Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 304/1 од М.з село Тололница - Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за одбивање на барањето поднесено од М.з село Тополница - Општина Македонски Брод , месната заедница да изработи проект и со учество на Форуми на граѓани да се избере приоритет за реализација на барањето ..

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 562 / 19**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07- 367/2 од М.з село Требовље Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.07.2014 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за одбивање на барањето поднесено од М.з село Требовље затоа што нема предвидено финансиски средства во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 562 / 20**
**30.07.2014година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за оттуѓување на недвижен имот за КО Самоков сопственост на Општина Македонски Брод..................... ........................................................................................ стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлука за оттуѓување на недвижен имот за КО Самоков сопственост на Општина Македонски Брод ................................ ................ стр. 3

Одлуката за организацијата , делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина МакедонскиБрод........................................ стр.4

Заклучок за прогласување на Одлуката за организацијата , делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Македонски Брод.................................................................................................................стр. 12

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод.......................................................................................... стр. 13

Одлука за усогласување , примена и спроведување на дел од Деталниот урбанистички план за нас.место „Долна Белица,, општина Македонски Брод............ стр. 14

Заклучок за прогласување на Одлука за усогласување , примена и спроведување на дел од Деталниот урбанистички план за нас.место „Долна Белица,, општина Македонски Брод ............................................................................................................... стр. 17

Заклучок за усвојување на извештај за работа на ОЈУДГ„7-ми септември „-Македонски Брод за 2013/2014 година.......................................................................стр.18

Заклучок за усвојување на извештај за работа на ОУ Дом на култура -Македонски Брод за период јануари-јуни 2014г...........................................................................стр.19

Изјава дека општина Македонски Брод ги исполнува следните услови за реализација на „Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води,, во општина Македонски Брод.......................................................................................................стр.20

Заклучок за прогласување на Изјава дека општина Македонски Брод ги исполнува следните условите за реализација на „Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води,, во општина Македонски Брод.........................................................................стр.21

Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот„Света Богородица„„Општина Македонски Брод.......................................стр. 22

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување приоритет на проектот Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селата Горно Зркле, Инче и манастирот„Света Богородица„„Општина Македонски Брод ............. стр. 23

Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селото Црешенево„- Општина Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 24

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за селото Црешенево„- Општина Македонски Брод ......................................................................стр.25

Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на изворите од место викано Песјак Општина Македонски Брод......................................стр.26

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и изградба водоснабдителен систем за Македонски Брод со зафаќање на изворите од место викано Песјак Општина Македонски Брод...........................................................................................................................стр.27

Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и подобрување на водоснабдување во село Крапа„ Општина Македонски Брод...........................................................................................................................стр.28

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и подобрување на водоснабдување во село Крапа„ Општина Македонски Брод.........................................................................................стр.29

Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и проширување (доградба) на водовод за село Белица и новата туристичка населба„Општина Македонски Брод......................................................................стр.30

Заклучок за прогласување Одлука за одредување приоритет на проектот „Изработка на проектна документација и проширување (доградба) на водовод за село Белица и новата туристичка населба„Општина Македонски Брод..............................стр. 31

Одлука за превземање на движни ствари на трајно користење..........................стр.32

Заклучок за прогласување на Одлука за превземање на движни ствари на трајно користење......................................................................................................................стр.34

Заклучок по барање од село Г и Д.Ботушје....................................................................стр.35

Заклучок по барање од лицето Јагода Србиноска..........................................................стр.36

Заклучок по барање од село Тополница..........................................................................стр.37

Заклучок по барањеод М.з село Требовље......................................................................стр.38